**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД**
**СКОПЈЕ**
**СПИ.бр.1/24**
**10.01 2024 година**
**С к о п ј е**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**GJYKATA THEMELORE CIVILE**
**SHKUP**
**SPI.nr.1/24**
**viti 10.01.2024**
**S h k u p**

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19 од 22.05.2019 година), **ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ,** со седиште на бул. Гоце Делчев бр.4 во Скопје, контакт тел :02/3120-171, факс 02/5115-382, e-mail - osnovensudskopje2@osskopje2.mk и portparol@osskopje2.mk, преку претседателот на судот m-r. Benik Avdija, и службените лица за посредување со информации од јавен карактер – Крстана Костадиноска и м-р. Аница Сазова Ристески, го подготвија следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за спроведување на ЗСПИЈК за 2023 година**
**( период од 01.01.2023 до 31.12.2023 г.)**

**1.Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;**

Во наведениот период за службени лица со информации од јавен карактер беа определени лицата: Светлана Жупаноска – судски соработник со одлука на судот Су-02-75/20 од 16.09.2020 година, Крстана Костадиноска – судски соработник со одлука на судот Су-0264/21 од 07.09.2021 година и м-р.Аница Саздова Ристески – судски соработник со одлука на судот Су-02-61/23 од 29.09.2023 година. На службеното лице Светлана Жупаноска кое беше определено за информации од јавен карактер, со Решение Су.бр.04-88/23 од 25.07.2023 година ставено и е во мирување работното однос во Основниот граѓански суд Скопје, па така како службени лица кои се определени за посредување со информации од јавен карактер се погоренаведените лица Крстана Костадиноска и м-р. Аница Саздова Ристески – судски соработници. Одлуките погоренаведени за Крстана Костадиноска и м-р. Аница Саздова Ристески – судски соработници се во сила на денот на нивното донесување.

**2.Број на примени барања;**

Во текот на 2023 година, односно ва период од 01.01.2023 год 31.12.2023 година примени се вкупно 25 (дваесет и пет), барања за пристап до информации од јавен карактер.

**3.Број на позитивно одговорени барања;**

**3.1.**Бројот на позитивно одговорени барања изнесува 16 (шеснаесет). Се работи за донесени решенија со кои е усвоено барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**3.2.** Покрај овие решенија, по повод едно барање е донесено решение СПИ бр. 23/23 од 07.11.2023 година со кое делумно е усвоено барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено на 03.11.2023 од барателот м-р. А.З. од Битола, така што му е дадена информација којашто одговара на информациите со кои располага имателот на информации. Во останатиот дел за барањето барателот е упатен информациите да ги прибави од Основниот кривичен суд Скопје, бидејќи бараната информација е од кривично-правна материја.

**4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;**

**4.1.** Одбиени барања **нема.**

**4.2.** Отфрлени се вкупно 6 (со шест) и тоа:

- Со решение СПИ бр.14/23 од 16.06.2023 година е отфрлено барањето на (Д.З.О.И.С. Ж.М. А.П. ДОО) од Скопје од причина што бараната информација не преставува информација која ја создал имателот на информацијата, нити пак истиот располага со таа информација.
- Со решение СПИ бр.16/23 од 03.07.2023 година е отфрлено барањето на (В.М) од Тетово, од истите причини како претходното решение;

- Со решение СПИ бр.17/23 од 04.07.2023 година, е отфрлено барањето на (Д.Ч) од Скопје, од причина што барателот е странка во судска постапка и своето право на информација, увид или препис на списите од предметот може да го оствари согласно Законот за парнична постапка и Судскиот деловник. При тоа, во решението е потенцирано дека целта на ЗСПИЈК е да на физичките и правните им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност во работењето на органите, а која во никој случај не треба да се толкува во смисла на негова законски неоснована и несоодветна примена да преку поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер, странката дополнително да бара преземање на процесни дејствија кои се веќе предвидени во други законски прописи;

- Со Решение СПИ бр.17/23-1 од 22.08.2023 година, повлечено е повтореното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од барателот (Д.Ч) од Скопје, од 16.08.2023 година. Истиот барател е подносител и на барањето за кое е донесено СПИ бр.17/23 од 04.07.2023 година.

- Со решение СПИ бр.19/23 од 05.09.2023 година е отфрлено барањето на барателот (В.А) од Скопје од истите причини како претходното решение;

- Со решение СПИ бр.21/23 од 09.10.2023 година е отфрлено барањето на барателот (адвокат Д.Т) од Скопје од истите причини како претходните решенија;

- Со решение СПИ бр.25/23 од 13.11.2023 година е отфрлено барањето на барателот ( А.О) од Скопје од истите причини како претходните две решенија;

**4.3. Две** (2) барања се **повлечени** од страна на барателите, односно од подносителите на барањето.

**5. Број на неодговорени барања;**

Неодговорени барања заведени во уписник СПИ за 2023 година нема. Имено, по сите барања за СПИЈК примени во овој суд во 2023 година е постапено и е одговорено.

**6.Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на иматели на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на барање на информацијата);**

Во 2023 година не е изјавена ниту една жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, а која се однесува на решение на Основниот граѓански суд Скопје.

**7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;**

Нема усвоени жалби со одлука на Агенцијата.

**8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата;**

Нема преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата.

**9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање;**

Нема одбиени жалби од Агенцијата.

**10.Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање;**

Нема отфрлени жалби од Агенцијата против решенија на Основниот граѓански суд Скопје.

Прилог на овој извештај се линковите од веб страната на судот во однос на податоците од член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Скопје, 10.01.2024 година**

**Претседател на судот,**
**M-r. Besnik Avdija**

**Службени лица за посредување со информации од јавен карактер,**

Крстана Костадиноска

м-р. Аница Саздова Ристески